Република Македонија
Бр. _______________
Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот:
Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд

Усогласеност со Програмата на Владата: Не е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:
- Образец за фискални импликации
- Образец за иницијална проценка на влијание на регулатива
- Мислење од Секретаријат за законодавство

Дата на доставување на материјалот:

Скопје, .06.2010 година

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ

м-р Зоран Ставрески

_______________________

Изработил:Наташа Лазаровска
Контролирал: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии

Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд

Скопје, јуни 2010 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. _________
___________ Скопје

До Претседателот на Собранието на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија ви поднесува Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд што го утврди на седница ____________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник е определена Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Одборот на гувернери на Меѓународниот Монетарен Фонд (ММФ) на 7 Август 2009 година со Резолуција бр.64-3 ја одобри општата алокација на Специјални права на влечење (СПВ) во износ од 250 милијарди долари, со цел да се обезбеди поголема ликвидност во глобалниот економски систем преку поддршка на девизните резерви на земјите членки на ММФ. Општата алокација беше извршена на 28 Август 2009 година, и од истата на Република Македонија и припаднаа средства во вкупен износ од 51.076.245 СПВ.

Истовремено, со одобрувањето на оваа алокација во сила влезе и четвртата измена на Статутот на ММФ, која обезбедува еднократна (специјална) алокација на СПВ согласно Резолуција бр. 52-4 од 23 септември 1997 година, која стапила на сила на 10 август 2009 година. Од вкупниот износ на оваа алокација кој изнесува 21.5 милијарди СПВ, на Република Македонија и припаѓаат средства во износ од 6.161.937 СПВ.

Со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 23-3988/1 од 27.07.1999 година, прифатен е четвртиот амандман од Статутот на ММФ и утврдено е дека по стапување во сила на оваа Резолуција ќе треба да се изврши ратификација на амандманот, односно дека треба да се подготви измена на Законот за правно наследство на Република Македонија на членството во ММФ. Согласно оваа Одлука, на 30 јули 1999 година, Гувернерот на Народна банка на Република Македонија кој воедно е и Гувернер во ММФ за Република Македонија, го известил ММФ за прифаќањето на предложениот четврт амандман. Овој амандман стапил во сила дури на 10 Август 2009 година, откако за истиот позитивно гласале и Соединетите Американски Држави.

Четвртата измена на Статутот на ММФ стапи во сила за сите земји членки на 10 август 2009 година, кога Фондот согласно член 28 од Статутот на ММФ потврди дека е исполнет условот за стапување во сила на измените на Статутот, односно дека најмалку три-петтини од членството во ММФ (112 земји членки), кои имаат 85 % од вкупното гласачко тело го прифатија овој амандман.

Целта на оваа измена е преку специјалната распределба на СПВ да им се овозможи на сите земји членки на ММФ да учествуваат во системот на СПВ на правична основа, особено имајќи го предвид фактот дека земјите кои се приклучија кон Фондот по 1981 година, кои всушност претставуваат повеќе од една петтина од сегашното членство на ММФ немаа добиено распределба на СПВ. Исто така, оваа распределба двојно ќе ја зголеми вкупната распределба на СПВ и тоа на 42.8 милијарди СПВ, или околу 64 милијарди УСД.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Целта на предложените измени е да се прифатат позитивните решенија предложени од страна на ММФ, односно да се овозможи правно регулирање на четвртата измена на Статутот на ММФ во правниот систем на Република Македонија.

Основно начело врз основа на кое се заснова Законот е:

- Конзистентност со новите измени на Статутот на ММФ

Со усвојувањето на предложениот Закон ќе се овозможи имплементирање на предложените одредби во домашниот правен поредок.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Донесувањето на овој закон не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел III на овој Предлог на закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд

Член 1

Во Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд („Службен Весник на Република Македонија“ бр.23/93 и бр.52/09), членот 2 се менува и гласи:

„На територијата на Република Македонија важат одредбите на Статутот на Фондот со изменувањата и дополнувањата од 28 јули 1969 година, 1 април 1978 година, 11 ноември 1992 година, 28 април 2008 година, 5 мај 2008 година, како и од 10 август 2009 година.“

Член 2

Текстот на измените и дополнувањата на Статутот на Фондот од 10 август 2009 година од членот 1 од овој закон, се составен дел на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ИЗМЕНИ НА СТАТУТОТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ МОНЕТАРЕН ФОНД ОД 10 АВГУСТ 2009 ГОДИНА

1. Во Член XV, Оддел 1 се менува и гласи:

„(a) За да се задоволат потребите, како и кога тие настануваат, за дополнување на постојните резервни средства, Фондот е овластен да распредели специјални права на влечење во согласност со одредбите од член XVIII на членки кои се учеснички во Одделот за специјални права на влечење.

(б) Освен тоа, Фондот распределува специјални права на влечење на членки кои се учеснички во Одделот за специјални права на влечење во согласност со одредбите од Прилог М.“

2. По Прилогот Л се додава нов Прилог М кој гласи:

„Прилог М

Посебна еднократна распределба на специјални права на влечење

1. Во зависност од 4 подолу, секоја членка која, заклучно со 19 септември 1997 година, е учесничка во Одделот за специјални права на влечење, на 30-от ден по датумот на влегување во сила на четвртата измена на овој статут, добива распределба на специјални права на влечење во износ кој ќе резултира во нејзина нето кумулативна распределба на специјални права на влечење која е во износ еднаков на 29,315788813 %од

нејзината квота заклучно со 19 септември 1997 година, под услов, за учесничките чии квоти не се приспособени како што е предложено во Резолуцијата бр. 45-2 од Одборот на Гувернери, пресметките да се прават врз основа на квотите предложени во таа Резолуција.

2. (а) Во зависност од 4 подолу, секоја земја која станува учесничка во Одделот за специјални права на влечење по 19 септември 1997 година, но во рок од три месеци од датумот на нејзиното членство во Фондот добива распределба на специјални права на влечење во износ пресметан во согласност со (б) и (ц) подолу на 30-от ден по: (1) датумот на кој новата членка станува учесничка во Одделот за специјални права на влечење, или (2) датумот на влегување во сила на четвртата измена на овој статут без разлика кое ќе се случи подоцна.

(б) За целите од (а) погоре, секоја учесничка добива износ на специјални права на влечење кој резултира во нето кумулативна распределба на учесничката која е еднаква на 29,315788813 % од нејзината квота на датумот на кој членката станува учесничка во Одделот за специјални права на влечење, како што е приспособена:

(1) прво, преку помножување на 29,315788813 % со соодносот на вкупните квоти, како што е пресметано според 1 погоре, на учесничките опишани во (ц) подолу и вкупните квоти на таквите учеснички од датумот на кој членката станала учесничка во Одделот за специјални права на влечење, и

(2) второ, преку помножување на производот од (1) погоре преку соодносот на вкупниот збир од нето кумулативните распределби на специјални права на влечење добиени според член XVIII на учесничките опишани во (ц) подолу од датумот на кој членката станала учесничка во Одделот за специјални права на влечење и распределбите кои таквите учеснички ги добиле според 1 погоре со вкупниот збир од нето кумулативните распределби на специјални права на влечење според член XVIII на таквите учеснички заклучно со 19 септември 1997 година и распределбите кои таквите учеснички ги добиле според 1 погоре.

(ц) За целите на приспособувањата кои ќе се вршат според (б) погоре, учесничките во Одделот за специјални права на влечење се членки кои се учеснички заклучно со 19 септември 1997 година и (1) остануваат да бидат членки во Одделот за специјални права на влечење од датумот на кој членката станува учесничка во Одделот за специјални права на влечење, и (2) ги добиле сите распределби извршени од страна на Фондот по 19 септември 1997 година.

3. (а) Во зависност од 4 подолу, доколку Сојузна Република Југославија (Србија/Црна Гора) го наследи членството во Фондот и учеството во Одделот за специјални права на влечење на Поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија во согласност со условите на Одлуката на Извршниот одбор бр. 10237 – (92/150), усвоена на 14 декември 1992 година, таа добива распределба на специјални права на влечење во износ пресметан во согласност со (б) подолу на 30-от ден по: (1) датумот на кој Сојузна Република Југославија (Србија/Црна Гора) го наследува членството во Фондот и учеството во Одделот за специјални права на влечење во согласност со условите на Одлуката на Извршниот одбор бр. 10237 – (92/150), или пак (2) датумот на влегување во сила на четвртата измена на овој статут без разлика кое ќе се случи подоцна.

(б) За целите на (а) погоре, Сојузна Република Југославија (Србија/Црна Гора) добива износ на специјални права на влечење кој ќе резултира во нејзина нето кумулативна распределба еднаква на 29,315788813% од квотата која и е предложена според став 3 (ц) од

Одлуката на извршниот одбор бр. 10237 – (92/150), како што е приспособена во согласност со 2 (б) (2) и (ц) погоре од датумот на кој Сојузна Република Југославија (Србија/Црна Гора) се квалификува за распределба според (а) погоре.

4. Фондот не распределува специјални права на влечење во согласност со овој прилог на оние учеснички кои не го известиле Фондот во писмена форма пред датумот на распределба за нивната желба да не ја примат распределбата.

5. (а) Ако, во времето кога се врши распределба до учесничка во согласност со 1, 2 или 3 погоре, учесничката има неисплатени обврски кон Фондот, специјалните права на влечење така распределени се депонираат и чуваат на ескроу сметка во Одделот за специјални права на влечење и ќе се исплаќаат на учесничката по исполнување на сите нејзини неисплатени обврски кон Фондот.

(б) Специјалните права на влечење кои се чуваат на ескроу сметка не се достапни за употреба и не се вклучени во ниту една пресметка на распределбите или поседувањата на специјални права на влечење за целите на овие членови, освен за пресметки според овој прилог.

(ц) За целите на овој став, неисплатените обврски кон Фондот се состојат од задоцнети повторни откупи и трошоци на Општата сметка за средства, неисплатена главница и камата на заеми на Специјалната сметка за исплата, неисплатените трошоци и проценки во Одделот за специјални права на влечење и неисплатените финансиски обврски кон Фондот како доверител.

(д) Освен за одредбите во овој став, треба да се применува принципот за поделба помеѓу Општиот оддел и Одделот за специјални права на влечење и безусловниот карактер на специјалните права на влечење како резервни средства.“

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Овој закон има за цел правно да ја инкорпорира четвртата измена на Статутот на ММФ, која се однесува на посебната еднократна распределба на специјалните права на влечење (СПВ). Резолуцијата бр. 52-4 од 23 септември 1997 година, која ја регулира оваа материја стапила во сила на 10 август 2009 година.

Со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 23-3988/1 од 27.07.1999 година, прифатен е четвртиот амандман од Статутот на ММФ и утврдено е дека по стапување во сила на оваа Резолуција ќе треба да се изврши ратификација на амандманот, односно дека треба да се подготви измена на Законот за правно наследство на Република Македонија на членството во ММФ. Согласно оваа Одлука, на 30 јули 1999 година, Гувернерот на Народна Банка на Република Македонија кој воедно е и Гувернер во ММФ за Република Македонија, го известил ММФ за прифаќањето на предложениот четврт амандман.

Имајќи го предвид горенаведеното, потребно е да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд.

Целта на оваа измена на Статутот на ММФ е преку посебната еднократна распределба на специјалните права на влечење да им се овозможи на сите земји членки на ММФ да учествуваат во системот на СПВ на правична основа, особено имајќи го предвид фактот дека земјите кои се приклучија кон Фондот по 1981 година, кои всушност претставуваат повеќе од една петтина од сегашното членство на ММФ немаа добиено распределба на СПВ. Исто така, оваа распределба двојно ќе ја зголеми вкупната распределба на СПВ и тоа на 42.8 милијарди СПВ, или околу 64 милијарди УСД.

Од вкупниот износ на оваа алокација кој изнесува 21.5 милијарди СПВ, на Република Македонија и припаѓаат средства во износ од 6.161.937 СПВ. Овие средства Република Македонија би можела да ги користи без ограничување, за свои потреби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на начинот на пресметка на посебната еднократна распределба на специјалните права на влечење меѓу земјите членки на ММФ.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Правно инкорпорирање во домашниот правен поредок на четвртата измена на Статутот на ММФ која се однесува на посебната еднократна распределба на специјалните права на влечење.

ИЗВОД ОД ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНОТО НАСЛЕДСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЧЛЕНСТВОТО ВО МЕЃУНАРОДНИОТ МОНЕТАРЕН ФОНД КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 2

На територијата на Република Македонија важат одредбите на Статутот на Фондот со изменувањата и дополнувањата од 28 септември 1969 година, 1 април 1978 година и 11 ноември 1992 година, како и од 28 април 2008 година и од 5 мај 2008 година.

## СТАТУТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ МОНЕТАРЕН ФОНД

Член XV

СПЕЦИЈАЛНИ ПРАВА НА ВЛЕЧЕЊЕ

Оддел 1. Овластување за распределба на специјални права на влечење

За да се задоволат потребите, како и кога тие настануваат, за дополнување на постојните резервни средства, Фондот е овластен да распредели специјални права на влечење на земји кои се членки во Одделот за специјални права на влечење.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">I.Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд</td><td colspan="2">2. Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финансии</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Цел на предлогот:<br>Правно инкорпорирање на четвртата измена на Статутот на ММФ во нашиот правен поредок.</td><td colspan="2">4. Вид на предлог:<br><br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Контакт лице и звање:<br>Сузана Пенева, државен советник</td><td colspan="2">6. Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел: : 3132-245; 3106-454; факс: 3106-140;<br><br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="5">7. Активност</td></tr>
<tr><td>8. Вид на барање:</td><td>( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива</td><td>( X ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување/намалување на постоечка програма</td><td colspan="2">( ) Прераспределба (на средствата) меѓу две програми<br><br>( ) Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
<tr><td colspan="5">9. Цел на барањето/ предложената активност: Целта на оваа измена на Статутот на ММФ е преку посебната еднократна распределба на специјалните права на влечење (СПВ) да им се овозможи на сите земји членки на ММФ да учествуваат во системот на СПВ на правична основа, особено имајќи го предвид фактот дека земјите кои се приклучија кон Фондот по 1981 година, кои всушност претставуваат повеќе од една петтина од сегашното членство на ММФ немаа добиено распределба на СПВ.</td></tr>
</table>

| 10. Врска со владината програма: | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. Фискални импликации | (во илјади денари) | | | |
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ.Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: | | | | |
| 12.Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13.Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11А и 11Г) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18.Измени побарани од Министерство за финансии: | | | | |
| 19. Одговор на Министерството - предлага: | | | | |
| 20. Одговор од Министерство за финансии: | | | | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финансии е дадено во прилог: | | | | |
| 22.Одобрен/ дата:<br>_______________________<br>Потпис на државен секретар или директор на орган | /0 6/2010<br>Ден / месец / год. | _______________<br>Потпис на Министерот | /0 6/2010<br>Ден/ месец / год. | |

Изработил: Наташа Лазаровска
Контролирал:Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева